ПРЕДЛАГАЧ: Павле Трајанов,
пратеник

# П Р Е Д Л О Г – З А К О Н
# ЗА АГЕНЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕШКИТЕ ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И ВИСОКА КОРУПЦИЈА

Скопје, јануари 2023 година

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, поднесувам Предлог - Закон за Агенција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција

Пратеник:
Павле Трајанов

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА НЕГОВО ДОНЕСУВАЊЕ

Неподелено е мислењето дека во Република Северна Македонија организираниот криминал и корупцијата опфаќаат огромни размери и сериозно ја загрозуваат демократијата, човековите права, економскиот развој и правниот и уставниот поредок на државата. На тоа имплицитно укажува и меѓународниот фактор, како што се годишните извештаи на ЕК за напредокот на РСМ и извештаите на американскиот Стејт Департмент, а овие аномалии експлицитно беа наведени и нотирани во препораките на експертската работна група формирана од ЕК во 2015 година, во нашата јавност познат како „Извештајот на Прибе“. При тоа, криминалот станува вредносна категорија, а не зло кое генерира нестабилност, социјални разлики, политички тензии и ја влече државата во целосен колапс.

Разорното и деструктивно дејство на организираниот криминал и корупцијата се забележуваат на секој чекор преку социјалните разлики, сиромаштијата, селективните и нелогични судски пресуди, рапидното паѓање на довербата во еродираните институциите на системот, инверзијата на основните вредности, масовното иселување на младите и стручни кадри во странство, како и целосната блокада на органите задолжени за откривање и гонење на организираниот криминал и корупцијата. Со еден збор, криминалот ги загрозува демократските перспективи на Република Северна Македонија и во целина опстојувањето на државата.

За организираниот криминал постојат повеќе дефиниции, меѓу кои и дефиницијата прифатена од страна на Советот на Европа: „Незаконски активности извршени од структурирани групи од три или повеќе лица кои постојат подолг временски период и имаат цел да извршуваат сериозни кривични дела преку користење закани, насилство, корупција или други средства, со цел директно или индиректно да се стекнат со финансиска или друга материјална корист”.

Оваа дефиниција не се вклопува со новите појавни облици на организираниот криминал типичен за земјите во транзиција, каква што е Македонија, каде што главните носители на организираниот криминал се високи државни функционери, кои своите институционални позиции ги користат за стекнување со материјални средства.

Заеднички се оценките дека Република Северна Македонија и натаму се криминализира, дека отсуствува политичка волја за ефикасна борба против криминалот, дека не функционира имунолошкиот систем на државата, а последица на сето тоа е целосната ерозија на институциите на државата.

Најопасен е институционалниот криминал поради кој ниту една реформа не може да се постави на системски основи, а уште помалку да се спроведува.

Во изминатите 32 години владејачките гарнитури не изградија јасен политички став и не презедоа ништо за да се изгради ефикасен систем за спречување и искоренување на институционалниот организиран криминал и корупција. Напротив, власта во целина е генератор на криминализацијата на државата.

Инаку во правото, под поимот “декриминализација“ се подразбира укинување на казнените одредби кои санкционираат некое дело, како што е декриминализација на вербалниот деликт, декриминализација на кривичното дело “навреда” и “клевета“ и слично, а експертите по право, поимот “декриминализација“ го толкуваат како “депенализација“, односно како ослободување од кривично гонење и казна.

Во политичкиот речник, под поимот “декриминализација“ се подразбира елиминирање на институционалниот криминал и на неформалните центри на моќ, посебно во случаи кога системот произведува криминално поведение на институциите и на поединци преку злоупотреба на положбата и институциите.

Главните забелешки на Европската унија се насочени токму во оваа област и доколку постои искрена намера да се обезбеди побрзо чекорење кон ЕУ и имплементација на европските стандарди, мора да се поведе бескомпромисна пресметка со носителите на организираниот криминал и корупцијата инсталирани во власта.

Со овој закон се отвора вистинска, а не само вербална војна против организираниот криминал и високата корупција, односно ги реафирмира автентичните општествени вредности и да обезбеди генерална превенција од разорното дејство на организираниот криминал. Да се обезбеди заштита од криминалот што го прави власта и да се отворат перспективите за економски развој, за реформи, како и за владеење на правото и поквалитетен живот за сите.

Една од основните задачи на Законот е активирање на имунолошкиот систем на државата и воспоставување генерална превенција и тоа преку максимизирање на ризикот за вклучување државни функционери во криминал.

Ефикасна борба против организираниот криминал значи силно “со чекан” да го удриме “октоподот по главата”. Во спротивно, доколку повремено му ги сечеме само краците, тој и натаму ќе се шири. Граѓаните не можат да произведат толку, колку што власта може да растури и ограби, доколку нема реална опасност за одговорност. Со овој проект на удар се само сторители на тешки кривични дела со кои е оштетена Република Северна Македонија, при што низ легална процедура мора да се врати сето она што на криминален начин е одземено од државата и од граѓаните.

Со овој Закон дефинитивно му се објавува отворена и фронтална војна на институционалниот (државниот) криминал и високата корупција, со единствена цел - да се пресече во корен ова зло, кое разорно дејствува врз основите на кои е поставен системот.

Со овој Закон, надвор од центрите на политичка и партиска моќ, се формира независна Агенција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција, која ќе работи на откривање на кривични дела сторени од

носители на јавни функции и други вклучени во организираниот криминал. Една од суштинските цели на Законот е Агенцијата да биде отпорна на дневно-политичките притисоци, бидејќи еден од најголемите проблеми со кои се соочуваа РСМ е партизацијата. А таа, според принципот на сврзани садови, продуцира партократија, која произведува клептократија, коруптократија и клиентелизам. Крајниот резултат е нефункционално, криминализирано и криминогено општество, лабава институционализација и  висок степен на волунтаризам на политичките лидери.

Оваа Агенција треба да го открива скриениот имот на носителите на организиран криминал, да иницира постапка (со поднесување на кривични пријави) за кривична одговорност на носителите на јавни функции и други носители на организиран криминал, да предлага конфискација на имот стекнат на криминален начин и забрана на политичко дејствување (лустрација).

Во услови на целосна партизација и парализа на институциите надлежни за откривање и сузбивање на тешките облици на организиран криминал и високата корупција, со овој Закон на новата Агенција ѝ се даваат можности да ги координира и насочува активностите и на другите институции задолжени за откривање и спречување на криминалот, да презема одредени предмети доколку другите институции затајат во својата работа.

Инаку, во Република Северна Македонија работат повеќе институции на откривање и сузбивање на криминалот, но носечки се: Министерство за внатрешни работи, Финансиската полиција, Дирекцијата за финансиско разузнавање, Агенцијата за национална безбедност, Агенција за разузнавање, Оперативно техничката агенција (ОТА), Управата за јавни приходи, Секторот за воено разузнавање итн.

Самото донесување на Законот ќе обезбеди генерална превенција и ќе ги одвраќа носителите на јавни функции да се вклучуваат во криминални активности бидејќи ќе знаат дека власта нема да има никакво влијание над работата на Агенцијата.

При подготовката на Законот, користени се компаративни искуства од повеќе европски и регионални специјализирани институции за борба против организиран криминал и корупција, како на пример, британската Национална Агенција за борба против криминалот (National Crime Agency – NCA), италијанската истражна агенција за борба против мафијата (Direzione Investigativa Antimafia – DIA), хрватскиот Уред за сузбивање на корупцијата и организираниот криминал (USKOK), Агенцијата за превенција и борба против корупција на Федерацијата БиХ (APIK), Агенцијата за спречување на корупција на Црна Гора, словенечката Комисија за спречување на корупција (KPK) и други.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Законот за Агенција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција се заснова врз основните начела и гаранции наведени во Уставот на Република Северна Македонија, како и во Закон за кривична постапка, како и во меѓународните договори кои Република Северна

Македонија ги има ратификувани, односно Казнената конвенција за корупција на Советот на Европа, Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал и нејзините протоколи во 2000, Европската конвенција за заштита на личните податоци и Конвенцијата на ОН против корупцијата во 2007 година

Примарна цел на Законот е создавање услови за сузбивање и превенција на тешките облици на организиран криминал и висока корупција што би претставувало јакнење на демократскиот поредок и владеењето на правото во Република Северна Македонија и би се вратила довербата на македонските граѓани во државните институции, како и во правосудниот систем.

Со предвидените законски решенија се овозможува надминување на бројните негативни реперкусии по однос на поткопување економската стабилност на државата, како и конфискација на средства кои биле стекната со употреба на криминогени активности, со што би се спречиле дополнителни одливи од буџетот на Република Северна Македонија и дополнително би се пристапило кон откривање на нелегално стекнатиот имот на носители на јавни функции.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За имплементација на овој закон неопходно е да се обезбедат финансиски средства за вработените (се предвидува најмногу до 50 вработени), просторни и технички услови за функционирање на Агенцијата и други потреби за успешно извршување на исклучително сложените задачи кои се дефинирани во Законот. Се предвидува Агенцијата да биде сместена во простории на Министерството за внатрешни работи се до дислокација на АНБ по што просториите од АНБ да бидат отстапени за Агенцијата за борба против тешки облици на организиран криминал и висока корупција.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предложениот закон ќе предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, во износ од 6.000.000 евра или 370.000.000 денари кои ќе се обезбедат преку алокација на средствата од други надлежни институции за борба против криминалот од каде ќе се преземаат финансиски средства, но исто така и кадри. Во овие институции (МВР, Дирекција за финансиско разузнавање, Финансиска полиција, Управа за јавни приходи, АНБ и АР) ќе се намали бројот на извршителите, и соодветно на тоа ќе се намалат и нивните средства од буџетот.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
ЗА АГЕНЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕШКИТЕ ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И ВИСОКА КОРУПЦИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува основањето, целите, надлежностите, начинот на работа, раководењето, надзорот, работниот однос и дисциплинска одговорност како и други прашања поврзани со Агенцијата за борба против тешките облици на организиран криминал и високата корупција.

## II. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Член 2

(1) Агенцијата дејствува на територијата на Република Северна Македонија.

(2) Освен во Скопје, свои подрачни единици има во Тетово, Битола, Штип и Куманово.

(3) По потреба подрачни единици можат да се формираат и во други општини согласно организационата поставеност.

## III. ЦЕЛИ И НАЧИН НА РАБОТА

Член 3

(1) Агенцијата работи на откривање на тешки облици на организиран криминал, тешки кривични дела кои ги сторуваат носители на јавни функции и организиран криминал.

(2) Како тешки кривични дела се сметаат делата чија вредност надминува над 100.000,00 евра (корист, вредност или штета од големи размери), како и делата со кои се поткопува економската стабилност на државата.

Член 4

Агенцијата работи и на откривање на скриениот имот на носители на јавни функции и носители на тешки облици на организиран криминал.

Член 5

Агенцијата предлага конфискација на имотот кој потекнува од тешки облици на организиран криминал со кој се стекнале носители на јавни функции или други носители на организиран криминал.

Член 6

Агенцијата предлага забрана на политичко дејствување за лица носители на јавни функции и организиран криминал, кои се осудени на казна затвор за сторени тешки кривични дела на организиран криминал или висока корупција.

Член 7

(1) Агенцијата за откривање тешки облици на криминал и висока корупција може да предложи и примена на посебни истражни мерки.

(2) Агенцијата постапува и по барања на Државната комисија за спречување на корупција поврзани со тешки облици на криминал и висока корупција.

Член 8

(1) Агенцијата собира информации, податоци и докази користејќи:

1. отворени – јавни извори.
2. информации, податоци и докази од физички лица.
3. информации, податоци и докази од органите на државната власт, евиденциите кои ги води МВР, Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за разузнавање, Финансиска полиција, Дирекција за финансиско разузнавање, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, акционерски друштва и други правни лица.
4. преглед и претрес на лица, превозни средства, објекти и други простории согласно Законот за кривична постапка.
5. примена на посебни истражни мерки согласно Законот за кривична постапка и Законот за следење на комуникациите и
6. тајно собирање информации, податоци и докази преку користење на тајни соработници, следење на средствата за комуникации, надзор над поштенски и други пратки, таен откуп на предмети и документи, таен преглед или претрес на лица, возила, простории и други објекти согласно Законот за кривична постапка.

(2) Информациите, податоците и доказите можат да се користат само за спречување, откривање и докажување на тешки облици на организираниот криминал и високата корупција.

(3) Информациите, податоците и доказите со кои располага Агенцијата се државна тајна и со истите вработените постапуваат согласно Законот за класифицирани информации, се до нивната декласификација од страна на директорот на Агенцијата.

(4) Информациите, податоците и доказите не можат јавно да се објавуваат или да бидат достапни на трети лица без претходно одобрување од директорот на Агенцијата или лице овластено од него.

Член 9

(1) Агенцијата ја координира и насочува работата на другите институции кои работат на откривање на тешки случаи на организиран криминал и им дава стручна помош.

(2) Агенцијата може да задолжи друга институција да обезбеди одредени информации, податоци или докази во рок неопходен за постапување по барањето.

(3) Против раководителот или друго одговорно лице во институција или друго правно лице кое нема да постапи по барањето на Агенцијата ќе се иницира постапка за попречување на правдата.

Член 10

Агенцијата може да преземе случај од друга институција доколку оцени дека на тој начин поефикасно ќе се открие криминалот од носител на јавна функција или носител на тешки облици на организиран криминал.

Член 11

Агенцијата постапува согласно одредбите на овој закон, Законот за кривична постапка, Законот за внатрешни работи и други закони кои регулираат прашања сврзани со откривање на тешки облици на организиран криминал и висока корупција.

Член 12

При извршување на работите од својата надлежност Агенцијата соработува со надлежни органи и тела и други државни и меѓународни организации.

IV. РАКОВОДЕЊЕ СО АГЕНЦИЈАТА

Член 13

(1) Со Агенцијата раководи директор кој се избира за период од 7 години. Директорот на Агенција го бира Управен одбор составен од 12 члена кој го сочинуваат: двајца професори од правните или економските науки од Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, двајца претставници од здружението на новинарите, двајца претставници од невладини организации чија главна активност им е борбата против криминалот од кои еден е претставник од Transparency International, двајца пратеници од кои еден од опозицијата, двајца адвокати од редот на Адвокатската комора, еден обвинител од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и еден член на Државната комисија за спречување на корупција.

(2) Управниот одбор врши надзор над работата на Агенцијата, распишува јавен конкурс за избор на директор на Агенцијата и ја спроведува постапката за избор на директор.

(3) Управниот одбор од членовите на истиот избира претседател на Управниот одборот со мандат од две години, и истиот не може повторно да биде реизбран.

Член 14

(1) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. да е државјанин на Република Северна Македонија,
2. да нема државјанство на друга држава,
3. да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно VII/1 степен на образование од правните или економските науки,
4. да има најмалку 6 години работно искуство, во областа на институциите што работат на откривање, гонење или пресудување на дела од криминалитетот.
5. да поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
   - ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
   - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
   - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
   - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
   - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2),
6. да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
7. да не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија,
8. со безбедносна проверка, која се врши врз основа на негова претходна писмена согласност, да е утврдено дека не постои безбедносен ризик за негово именување, односно да поседува безбедносен сертификат „државна тајна“ и
9. да не е утврдено постоење на судир на интереси, односно да не е поведена постапка за постоење на судир на интереси, согласно со закон.

(2) Функцијата на директорот пред истекот на мандатот престанува по следниве основи:

1. на негово барање,
2. ако ги исполни условите за пензија согласно со закон,
3. ако со правосилна судска пресуда му е изречена казна за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност или по предлог, кое го прави недостоен за вршење на функцијата,
4. ако трајно ја изгуби способноста за вршење на функцијата.

(3) Одлука за негово разрешување донесува управниот одбор на Агенцијата.

Член 15

Директорот е самостоен во извршувањето на работите на Агенцијата, а за својата работа е одговорен пред Управниот одбор на Агенцијата.

Член 16

(1) Директорот има статус на овластено службено лице

(2) Директорот:

1. ја претставува и застапува Агенцијата,
2. организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите од надлежност на Агенцијата,
3. донесува прописи за кои е овластен согласно со закон,
4. донесува акти за постапување на работниците во Агенцијата,
5. се грижи за заштита на податоците, средствата, методите и изворите на податоци од неовластен пристап, - одговара за наменско користење на буџетските и други средства со кои располага Агенцијата,
6. дава инструкции и наредби за работа во Агенцијата,
7. поднесува извештај за работата на Агенцијата до Управниот одбор,
8. за својата работа доставува информација на крајот на годината до Владата на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија и претседателот на Република Северна Македонија и
9. извршува и други работи согласно со закон.

(3) Директорот донесува Годишна програма за работа на Агенцијата, со претходно согласност од Управниот одбор на Агенцијата.

(4) Директорот може да ангажира експерти од Република Северна Македонија и други држави, доколку тоа е во функција на поефикасно извршување на борбата против тешките облици на криминал и високата корупција.

Член 17

(1) Директорот има заменик, кој го именува и разрешува Управниот одбор на предлог на директорот.

(2) За заменик на директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите предвидени за директор на Агенцијата.

(3) Мандатот на заменикот на директорот изнесува седум години

(4) Заменикот на директорот има статус на овластено службено лице.

(5) Заменикот на директорот го заменува директорот за време на негово отсуство или на негово овластување

Член 18

Функцијата на заменик на директорот пред истекот на мандатот престанува по следниве основи:

1. на негово барање,
2. ако ги исполни условите за пензија согласно со закон,
3. ако со правосилна судска пресуда му е изречена казна за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност или по предлог, кое го прави недостоен за вршење на функцијата или
4. ако трајно ја изгуби способноста за вршење на функцијата.

Член 19

Заменикот на директорот за својата работа е одговорен пред директорот на Агенцијата и Управниот одбор.

Член 20

(1) Заменикот на директорот во соработка со директорот учествува во подготовка на Годишната програма за работа на Агенцијата и врши работи од надлежност на директорот што тој ќе му ги довери.

Член 21

(1) Функцијата директор и функцијата заменик на директор се врши професионално и е неспоива со извршување на друга јавна функција и професија.

(2) Директорот и заменикот на директорот не смеат да изнесуваат или застапуваат ставови на политички партии.

## V. ЗАСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС

Член 22

(1) Во Агенцијата вработувањето се врши со јавна објава, без конкурс или со преземање на вработени од други институции и организации.

(2) Кандидатите треба да имаат високо образование од областа на правните или економските науки и да ги исполнуваат безбедносните критериуми согласно стандардите за безбедносен сертификат државна тајна.

Член 23

(1) Јавната објава за засновање работен однос во Агенцијата се објавува на интернет страницата на Агенцијата, како и во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Во јавната објава се назначува работното место и општите и посебните услови за засновање на работен однос.

(3) Рокот за пријавување на јавната објава од ставот (1) на овој член, не може да биде пократок од 15 дена, односно подолг од 30 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

Член 24

(1) Работните места кои се пополнуваат без објавување на јавен оглас се утврдуваат во актот за систематизација на работните места во Агенцијата.

(2) Селекција за избор на лица за засновање на работен однос без објавување на јавната објава, се врши од лицата што доставиле кратка биографија и мотивациско писмо за вработување во Агенцијата.

Член 25

(1) Работен однос може да се заснова и со работник на друг орган на државната управа, друг орган на државна власт, институција, општинска администрација и администрација на градот Скопје, јавно претпријатие или акционерски друштва и компании.

(2) Работник кој заснова работен однос со преземање се упатува на обука за стручно усовршување во траење од 6 месеци.

(3) За периодот од ставот (2) на овој член, на работникот му се исплаќа 80% од платата утврдена за работното место на кое е распореден.

Член 26

(1) Постапката за селекција за засновање работен однос во Агенцијата со јавна објава, без конкурс или со преземање ги опфаќа следните фази:

1. административна селекција,
2. писмено тестирање,
3. психолошко тестирање,
4. интервју
5. здравствени прегледи и
6. безбедносни проверки

(2) Во зависност од видот на работното место за кое се врши селекција, покрај фазите утврдени во ставот (1) на овој член, постапката за селекција може да опфати и други фази утврдени со актот од членот 27 став (4) од овој закон.

Член 27

(1) За спроведување на постапката за селекција за засновање работен однос во Агенцијата, директорот формира комисија за селекција.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од претседател, најмалку четири члена, секретар и нивни заменици.

(3) При спроведување на селекцијата на пријавените лица им се овозможува под еднакви услови да ги демонстрираат своите способности, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, верското уверување, имотната и општествената положба.

(4) Директорот донесува подзаконски пропис за начинот на селекција на лица кои засноваат работен однос во Агенцијата.

Член 28

Директорот, заменикот директор и другите вработени се со посебни права и овластувања, односно се со статус на овластени службени лица согласно овој закон и Законот за внатрешни работи.

Член 29

(1) Работен однос во Агенцијата може да заснова лице кое ги исполнува следните општи услови:

1. да е државјанин на Република Северна Македонија,
2. да нема државјанство на друга држава,
3. да е полнолетно,
4. да е здравствено и психофизички способно,

5. да има завршено најмалку високо образование, 240 кредити според ЕКТС, односно VII/1 степен на образование од правните, економските, информатичките, техничките или други науки или друг вид на образование согласно потребите на Агенцијата

Во Агенцијата може да се вработуваат и лица со завршено средно образование за помошни и други работи согласно потребите на Агенцијата

6. со безбедносна проверка да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од вработување на лицето, односно да ги исполнува условите за сертификат „државна тајна“

7. при полиграфско тестирање за проверка на професионалниот интегритет, добиено е позитивно мислење,

8 со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

9. да не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија и

10. да има положено тест за интегритет.

(2) За кандидатот кој го одбива полиграфското тестирање од ставот (1) алинеја 7 на овој член, се смета дека не ги исполнува условите за засновање на работен однос во Агенцијата.

(3) Начинот на спроведување на полиграфско тестирање го утврдува директорот со подзаконски пропис.

(4) Покрај општите услови за засновање на работен однос во Агенцијата од ставот (1) на овој член, со актот за систематизација на работните места во Агенцијата можат да се утврдат и други посебни услови.

(5) Доколку лицето не заснова работен однос во Агенцијата заради неисполнување на условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата не е должна да ги образложи причините за тоа.

Член 30

(1) Безбедносна проверка на лице се врши пред засновање на работен однос во Агенцијата заради утврдување на безбедносен ризик.

(2) Безбедносната проверка од ставот (1) на овој член, се врши врз основа на претходна писмена согласност на лицето.

(3) За лицето кое ја одбива безбедносната проверка се смета дека не ги исполнува условите за засновање на работен однос во Агенцијата.

(4) Безбедносната проверка започнува со пополнување на безбедносен прашалник.

Член 31

(1) За работниците во Агенцијата со статус на овластени службени лица, се применуваат одредбите од овој закон, а за прашањата што не се уредени со овој закон, кои се однесуваат на работните односи, се применуваат одредбите од општите прописи за работни односи.

## VI. ПЛАТИ

Член 32

(1) Платите на директорот, заменик директорот и вработените со високо образование на работни места со посебни правни овластувања (овластени службени лица) изнесуваат пет просечни плати остварени во Република Северна Македонија, кои зависно од сложеноста на условите за работа и доверливоста може да се зголемуваат или намалуваат за 30%.

## VII. ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

Член 33

За кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, работникот на Агенцијата одговара дисциплински.

Член 34

Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на работникот на Агенцијата.

Член 35

Работник во Агенцијата одговара дисциплински за полесни и потешки случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски.

Член 36

Работникот врши полесно кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, доколку:

1. не го почитува работниот ред и дисциплина;

2. не се придржува на утврденото работно време, распоредот и користењето на работното време;

3. не побара отсуство или навремено писмено не го извести директорот, односно раководителот на организациската единица или друг одговорен работник за отсуството од работа;

4. поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа во рок од 48 часа писмено не го извести директорот, односно раководителот на организациската единица или друг одговорен работник;

5. со средствата за работа не постапува совесно или во согласност со техничките упатства за работа;

6. настане штета, грешка во работењето или загуба, а за тоа веднаш не го извести директорот, односно раководителот на организациската единица или друг одговорен работник;

7. не ги одржува средствата и опремата за заштита при работа согласно прописите од областа на заштитата при работа;

8. незаконски или неовластено ги користи средствата на Агенцијата;

9. избегнува обука.

10. без претходна најава замине во друга држава

Член 37

Работникот врши потешко кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, утврдени со закон, правила и прописи на Агенцијата и договорот за вработување, доколку:

1. неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;

2. го злоупотреби боледувањето;

3. не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски;

4. не се придржува кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место;

5. не се придржува кон прописите од областа на здравствената заштита, заштитата при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите од областа на заштитата на животната средина;

6. внесе, употреби или е под дејство на алкохол и наркотични средства;

7. стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание предизвика штета на Агенцијата;

8. оддаде класифицирана информација на неовластени лица;

9. изврши злоупотреба на лични податоци;
10. постапува спротивно на правилата и прописите на Агенцијата;

11. го злоупотреби или пречекори даденото овластување;

12. избегнува лекарски преглед заради утврдување на работната способност;

13. избегнува задолжителен психијатриски и психолошки преглед односно советување со психолог (психолошко советување);

14. предизвикува неред и насилнички се однесува за време на работата;

15. противправно прибавува лична корист во врска со вршењето на работите и задачите;

16. изврши послуга или овозможување на послуга на друго лице со пари или со други работи од вредност кои на работникот му се доверени во вршењето на работите и задачите;

17. врши определени дополнителни работи, самостојна или дополнителна стопанска или професионална дејност без претходно одобрение од директорот, спротивно на овој закон;

18. изврши дејствие што претставува кривично дело или изврши дејствие кое претставува прекршок против јавниот ред и мир и

19. членува во политичка партија, органи и тела на политичка партија, политички дејствува, носи или истакнува партиски симболи во просториите или во службените возила на Агенцијата, партиски се организира или дејствува во Агенцијата.

Член 38

(1) Во случај на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, на работникот може со решение да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1. писмено предупредување;

2. парична казна која не може да биде поголема од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот, во траење од еден до шест месеци;

3. распоредување на работно место во едно ниво пониско од нивото на работното место на кое дотогаш работел работникот согласно Класификацијата на работни места

4. откажување на договорот за вработување.

(2) При изрекување на дисциплинските мерки од ставот (1) на овој член, се земаат предвид степенот на одговорноста на работникот, условите под кои е сторено кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, поранешната работа и однесување на работникот, тежината на повредата и нејзините последици, околностите под кои е сторена повредата и други олеснителни и отежнителни околности.

Член 39

За полесните случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски се изрекуваат следните дисциплински мерки:

1. писмено предупредување и

2. парична казна во висина од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот, во траење најмногу до три месеци

Член 40

За потешките случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски се изрекуваат следните дисциплински мерки:

1. парична казна во висина од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот, во траење најмногу до шест месеци;

2. распоредување на работно место во едно ниво пониско од нивото на работното место на кое дотогаш работел, согласно Класификацијата на работните места и

3. откажување на договорот за вработување.

Член 41

Доколку на работник на Агенцијата поради потешки случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски му биде изречена мерката откажување на договорот за вработување, работникот има право на отказен рок, во траење од еден месец од денот на врачување на решението за откажување на договорот за вработување, освен во случаите на потешко кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски кои се состојат во неоправдано отсуство од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година.

Член 42

За време на отказниот рок Агенцијата е должна на работникот да му овозможи отсуство од работа заради барање ново вработување, четири часа во текот на работната недела.

Член 43

За време на отказниот рок и отсуство од работа заради барање на ново вработување на работникот му се утврдува и исплатува надомест во висина на платата што работникот ја остварил во месецот пред донесувањето на решението за откажување на договор за вработување.

Член 44

(1) До донесување на решение во дисциплинска постапка што се води против одреден работник, работникот со писмена одлука се отстранува од работното место и од Агенцијата (суспензија), ако настане една од следниве ситуации:

1. непосредно се загрозува животот или здравјето на работниците или други лица или се оштетуваат средства од поголема вредност,

2. присуството на работа и понатамошната работа во Агенцијата штетно ќе се одрази врз работењето на Агенцијата,

3. се осуетува или оневозможува утврдувањето на одговорноста за повреда на работните обврски и

4. кога против работникот е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата.

(2) За време на отстранувањето од работното место и од Агенцијата, на работникот му се утврдува и исплатува надоместок во висина од 80% од износот на платата што работникот ја остварил во месецот пред отстранувањето од работното место.

(3) Решението од ставот (1) на овој член, го донесува директорот или од него овластен раководен работник.

(4) Работникот има право на приговор против решението од ставот (1) на овој член до посебна комисија, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(5) Комисијата од ставот (4) на овој член, ја формира директорот и е составена од претседател и двајца членови и нивни заменици.

(6) Решението на комисијата од ставот (5) на овој член, е конечно.

(7) Приговорот против решението од ставот (3) на овој член, не го одложува извршувањето на решението.

(8) Работникот кој е отстранет од работното место и од Агенцијата е должен да ги раздолжи опремата и средствата за работа со кои бил задолжен за вршење на своите работни обврски.

Член 45

(1) Дисциплинската постапка се прекинува, кога:

1. комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност ќе одлучи да решава по некое претходно прашање или ќе побара од надлежен орган да и достави веродостојни исправи и информации за чие изготвување е потребно подолго време,

2. постојат елементарни непогоди на подрачјето каде треба да се одржи расправа на комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност,

3. работникот против кого е поведена дисциплинска постапка се разболел непосредно пред или додека трае дисциплинската постапка, што се докажува со отворено боледување од матичен лекар и

4. работникот против кого се води дисциплинската постапка се наоѓа во притвор.

(2) Прекинот на постапката во случаите од ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член, може да трае најдолго една година.

(3) Прекинот на постапката во случајот од ставот (1) алинеја 4 на овој член, трае до донесување на одлука за укинување на мерката притвор.

Член 46

(1) Решение за изрекување дисциплинска мерка донесува директорот на предлог на комисиите за утврдување на дисциплинска одговорност.

(2) Решението за изрекување на дисциплинска мерка содржи и образложение за основот и причините за изрекување на дисциплинската мерка.

(3) Решението за изрекување на дисциплинска мерка на работникот, директорот е должен да го донесе во рок од шест месеци од денот на пријавувањето на повредата на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, а најдоцна во рок од 12 месеци од денот кога е сторена повредата.

(4) Како ден на пријавување се смета денот на поднесување на предлогот за поведување постапка за утврдување на дисциплинската одговорност од овластен подносител.

Член 47

(1) Против решението за изрекување на дисциплинска мерка, работникот има право на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението. Приговорот се поднесува преку Агенцијата до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(2) Приговорот против решението од ставот (1) на овој член, не го одлага извршувањето на решението до донесување на конечна одлука по приговорот.

Член 48

(1) За водење на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност во случаите утврдени со овој закон, директорот формира комисии за утврдување на дисциплинска одговорност.

(2) Комисиите од ставот (1) на овој член, се составени од претседател и двајца членови и нивни заменици, чиј мандат трае четири години, со право на реизбор, како и секретар – записничар без право на глас. Претседателот, членовите, нивните заменици и секретарот – записничар се од редот на вработените во Агенцијата.

(3) Претставник од организациската единица за внатрешна контрола, присуствува во работата на Комисијата за утврдување на дисциплинската одговорност, без право на глас.

(4) За претседател, член односно заменик во комисиите се определува работник со завршено VII/1 степен на образование или најмалку 240 ЕКТС кредити и работно искуство од најмалку десет години.

Член 49

Начинот на работа на комисиите за утврдување на дисциплинска одговорност, се уредува со посебен акт донесен од директорот.

VIII. ПЕНЗИОНИРАЊЕ

Член 50

За вработените во Агенцијата престанокот на работен однос поради исполнување на услови за пензионирање се применуваат одредбите кои се однесуваат за вработените во Министерството за внатрешни работи дефинирани во Законот за внатрешни работи и Законот за работните односи.

IX. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 51

Агенцијата се финансира од буџетот на Република Северна Македонија

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 51

Директорот на Агенцијата во рок од шест месеци од стапувањето во сила на овој закон донесува:

- правилник за работа на Агенцијата
- правилник за оперативно технички работи
- правилник за плата и оперативни трошоци на вработените во Агенцијата
- правилник за легитимацијата што ја поседуваат вработените во Агенцијата
- правилник за носење на оружје

### Член 52

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ
ЗА АГЕНЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕШКИТЕ ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И ВИСОКА КОРУПЦИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог законот за Агенција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција содржи педесет и два члена.

Со членот 1 се врши дефинирање на целите на законот, како и формирањето и надлежностите на Агенцијата за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција.

Со членот 2 се одредува местоположбата на Агенцијата, односно дека истата дејствува на територијата на Република Северна Македонија. Исто така во ставот 2 од истоимениот член се утврдува дека освен во Скопје, свои подрачни единици Агенцијата има во Тетово, Битола, Штип и Куманово, а по потреба подрачни единици можат да се формираат и во други општини. Со наведеното законско решение, би се овозможило да Агенцијата, непречено функционира на целата територија на Република Северна Македонија.

Со членот 3 се утврдуват целите и начинот на работата на Агенција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција, односно дека истата се формира за да работи на откривање на тешки облици на организиран криминал, тешки кривични дела кои ги сторуваат носители на јавни функции и организиран криминал. Воедно во истоимениот член децидно се утврдува во кој случај по кои кривични дела ќе постапува Агенцијата, делата чија вредност надминува над 100.000,00 евра, како и кривичните дела на тешки облици на организиран криминал и висока корупција кои ја поткопуваат економската стабилност на државата.

Во член 4 се утврдуваат дополнителните функционални активности на Агенцијата, односно дека истата е должна да работи и на откривање на скриениот имот на носители на јавни функции и носители на тешки облици на организиран криминал. Воедно со горенаведениот член ќе се овозможи да Агенцијата пристапи кон откривање на скриениот имот на носителите на јавните функции кој е стекнат по пат на криминогено однесување и со истиот да се постапи согласно позитивните законски прописи.

Во член 5 се дефинира дека Агенцијата предлага конфискација на имотот кој потекнува од тешки облици на организиран криминал со кој се стекнале носители на јавни функции. Со вака дефинираното законско решение ќе се овозможи да нелегално стекнатиот имот од страна на носителите на јавните функции, биде ставен на располагање на државните институции на Република Северна Македонија, со што носителите на јавни функции кои нелегално се стекнало со него, нема да можат слободно да располагаат со истиот, а нелегално стекнатиот имот може да биде предмет на купопродажба и средствата кои ќе бидат предмет на ваков договор, би биле вратени во буџетските средства на РСМ.

Со член 6 за прв пат во Република Северна Македонија се воведува да една државна институција предложи забрана за политичко дејствување од 1 до 10 години за лица носители на јавни функции, кои се осудени на казна затвор за сторени тешки кривични дела на организиран криминал или висока корупција. Со една ваква дефинирана законска одредба ултимативно би се извршило казнување на носителите на јавни функции, со тоа што истите би биле отсечени од своето гласачко тело и не би можеле да придонесат во идните изборни циклуси, но и би се извршила превенција да носителите на јавни функции бидат сторители на тешки облици на организиран криминал и висока корупција, бидејќи со самата забрана за политичко дејствување на подолг рок би оневозможила да носителите на јавни функции да учествуваат во изборните циклуси и повторно да бидат избрани на јавни функции.

Во член 7, се определува дека Агенцијата може да предложи примена на посебни истражни мерки, доколку смета дека истите се потребни. Исто така се воведува и одредба со која Агенцијата може да постапи по барањето на Државната комисија за спречување на корупција доколку биде побарано, со што се дава можност д Агенцијата и Државната комисија за спречување на корупција дејствуваат заеднички во борбата против високата корупција.

Со член 8, се определуваат начинот на која Агенцијата собира информации, податоци и докази, како и на кој начин овие докази може да се користат. Воедно во истоимениот член се определува дека добиените информации, податоци и докази се сметаат за државна тајна согласно Законот за класифицирани информации и истите не можат да бидат јавно достапни без претходно одобрување од страна на Директорот на Агенцијата, со што ќе биде спречена злоупотреба на иститите и ќе се овозможи да добиените информации, податоци и докази бидат искористени само за целта за која се наменети.

Со членовите 9 и 10 дополнително се определуваат работните активности на Агенцијата, односно дека истата ја координира и насочува работата на другите институции кои работат на откривање на тешки случаи на организиран криминал и им дава стручна помош и може да задолжи други институции да обезбедат одредени информации или докази кои се од интерес за постапката. Воедно, Агенцијата може да преземе и друг случај од друга државна институција доколку оцени дека на тој начин поефикасно ќе го открие сторениот криминал од носителот на јавна функција.

Во член 11, се дефинира законската рамка по која ќе постапува Агенција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција,

односно Законот за кривична постапка и други закони кои регулираат прашања сврзани со откривање на тешки облици на организиран криминал.

Во член 12, се утврдува дека Агенцијата ќе соработува со надлежните органи и другите меѓународни организации, со што се воспоставува правна рамка со која Агенцијата во својата работа ќе има соработка не само со државните органи туку и со меѓународните организации, со што дополнително би се зајакнале капацитетите на Агенцијата.

Со член 13 се утврдува на кој начин ќе биде избран Директорот на Агенцијата. Согласно компаративните стојалишта на земјите од регионот, кои имаат формирано ваков вид на државни институции, се определува дека Директорот на Агенција го бира Управен одбор составен од 15 члена кој го сочинуваат: двајца професори по право или економија од Универзитет „Свети Кирил и Методи“ , двајца претставници од асоцијации на новинарите, двајца претставници од невладини организации чија главна активност им е борбата против криминалот, двајца пратеници, двајца адвокати од редот на Адвокатската комора и еден обвинител од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Ваков вид на избор на Директорот е се со цел да се овозможи Директорот на Агенцијата, да биде избран согласно демократските начела, во кој ќе бидат вклучени сите активни чинители на демократското општество на Република Северна Македонија. Имено со вклучување на претставници на невладините организации чија главна активност им е борбата против криминалот, како и претставници од асоцијацијата на новинарите, се овозможува да во овој процес е вклучено цело граѓанско општество и овозможува да за Директор на Агенцијата биде избрано лице кое ќе може целосно да се справи со управување на еден ваков вид на државна институција.

Со членовите 14 до 21, се одредени начинот условите за избор на директорот на Агенцијата и неговите надлежности. Исто така се определува и заменик на директорот како и условите за неговиот избор, неговите надлежности, како и дека функцијата директор и заменик директор е неспоива со извршување на друга јавна функција и професија и истите не смеат да изнесуваат ставови на политички партии.

Во членовите 22 до 29 е уреден начинот на засновање и престанок на работниот однос во Агенцијата, односно преку јавен конкурс, како и постапката за избирање на вработени без објавување на јавен оглас. Дополнително е уредено прашањето на вработувањето во Агенцијата, како и посебните овластување на вработените, согласно Законот за внатрешни работи. Се утврдува дека вработувањето во Агенција се врши со јавен конкурс, а кандидатите треба да имаат високо образование од областа на правните, економските науки, информатичките, техничките или друг вид на образование согласно потребите на Агенцијата и да ги исполнуваат безбедносните критериуми согласно стандардите за безбедносен сертификат државна тајна. Со вака дефинираната законска одредба ќе се овозможи да вработените во Агенцијата да ги исполнуваат работните и безбедносните стандарди кои се потребни на засновање на работен однос во институција која се бори со сузбивање и превенција на тешките видови на организиран криминал и висока корупција.

Со член 30, поблиску се определува начинот на безбедносна проверка на лицето кое заснова работен однос во Агенцијата, нејзиното започнување со пополнување на безбедносен прашалник, како и фактот дека самото одбивање на безбедносна проверка значи и дека лицето не ги исполнува условите за засновање на работен однос во Агенцијата. Имено со самиот факт дека се спроведува безбедносна проверка, како и полиграфско тестирање, во голем дел ќе се елиминира можноста за коруптивни влијанија во Агенцијата.

Во член 31 се определува за вработените во Агенцијата со статус на овластени службени лица за сите прашања што не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од општите прописи на Законот за работните односи.

Во член 32 е уредено правото на вработените во Агенција за паричен надоместок, односно се утврдува дека платите на вработените изнесуваат пет просечни плати остварени во Република Северна Македонија, кои зависно од сложеноста на условите за работа и доверливоста може да се зголемуваат или намалуваат за 30%. Со вака уреденото законско решение ќе се овозможи да вработените во Агенцијата не подлегнуваат на коруптивните влијанија и би се овозможила целосна независност на вработените во работењето, како и на носењето на независни одлуки.

Со членовите 33 до 47 е уреден начинот на дисциплинската постапка во Агенцијата, односно ја дефинира самата дисциплинска одговорност на вработените. Воедно поблиску е уредена и дефинира полесната и потешката дисциплинска повреда, како и санкциите кои можат да му се изречат на сторителите на дисциплински повреди, а кулминираат со откажување на договорот за вработување, за сторена потешка дисциплинска повреда.

Во членовите 48 и 49 е уредена работата на комисиите за утврдување на дисциплинска одговорност, нејзиниот состав, начин на работа и формирање.

Со член 50 се прецизираат одредбите за пензионирање на лицата кои ќе засноваат работен однос во Агенцијата, односно за истите ќе се применуваат одредбите за пензионирање на вработените стипулирани во Законот за внатрешни работи и Законот за работни односи.

Во член 51 е се уредуваат активностите на Директорот на Агенцијата по нејзиното формирање, односно тој е должен шест месеци од стапувањето во сила на овој закон да донесе: правилник за оперативно технички работи, правилник за начинот и постапката за превземање на предмети од други институции, правилник за плати и оперативни трошоци, правилник за легитимација што ја поседуваат вработените во Агенцијата и правилник за носење оружје.

Со член 52 се уредува влегувањето во сила на законот и отпочнувањето на неговата примена.

Позитивните страни на вака конципирана Агенција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција би биле огромни за Република Северна Македонија: прво новоформираната Агенција би овозможила сузбивање на тешките облици на организиран криминал и висока корупција, со што би се подобрила јавната перцепција на државните институции во домашната јавност, како и во меѓународните институции. Потоа формирање на Агенцијата би било во согласност со меѓународно ратификуваните договори со кои Република

Северна Македонија се обврзува да се бори против организираниот криминал и високата корупција. Исто така вака конципираниот закон би имал далекусежни последици во превенција да носителите на јавни функции бидат сторители на тешки облици на организиран криминал и висока корупција.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН

Со овој предлог-закон се предлага формирање на Агенција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција.

Евидентно е дека во последнава деценија во Република Северна Македонија, нема значителен напредок во борба против организираниот криминал и корупција. Со донесувањето на предлог законот за Агенција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција, ќе се остварат неколку стратешки цели на Република Северна Македонија. Прво, ќе се оствари значителен напредок во борбата против високата корупција и организираниот криминал што е еден од клучните услови за пристапување и членство во Европската Унија. Потоа, ќе се изврши сузбивање и превенција да носителите на јавни функции бидат сторители на кривични дела на организиран криминал и високата корупција. Исто така на носителите на јавни функции на кои ќе му биде изречена казна затвор ќе му се забрани политичко дејствување, што дополнително би се оневозможило носителите на јавни функции, криминогено да се однесуваат. Воедно се предлага и конфискација на имотот што е предмет на организиран криминал и висока корупција што би имал позитивни финансиски импликации и последно, би се вратила довербата на македонските граѓани кон државните институции и правосудниот систем.

Крајниот исход од ваквата реформа би значело дека Република Северна Македонија би презела реални чекори во борбата против тешките облици на организиран криминал и висока корупција, а со тоа би се подобрила ефикасноста на државните институции и правосудниот систем, како и би се спречило понатамошно негативно поведение од страна на носителите на јавни функции.